**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/13
27.12.2019 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 227**

**Скопје, 27.12.2019**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник, во наставно - стручно звање Лектор / Виш лектор по Англиски јазик....................................................................3650
2. Рецензија за избор на еден наставник по стручно уметнички предмети, од областите: Графика и графички техники - 60702 и Друго (Графички дизајн) - 60712.....................................................................................................................3652

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР/ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН, Република Македонија, на својата редовна седница одржана на 23. 09. 2019 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ана Лазарова-Никовска, доц. д-р Искра Стаменкоска и виш лектор м-р Наташа Алексоска, за избор/реизбор на **еден лектор/виш лектор** на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН во Скопје.

РЕЦЕНЗИЈА

На *Конкурсот* распишан во дневниот весник *Слободен печат* на ден 24.06.2019, и со исправка на тој конкурс објавена во *Нова Македонија* од 19.12.2019, се има пријавено м-р Ѓомза Даути, како единствен кандидат. Откако ги разгледавме пријавите и доставената документација го подготвивме следниот извештај за кандидатката.

**Биографски податоци**

М-р Ѓомза Даути, род. 1984 год. во Струга, дипломирала на Факултетот за педагошка и методолошка обука – насока Англиски јазик и литература при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во 2007 година со просек 8.08 и се стекнала со звање Професор по англиски јазик и литература. Во 2013 година завршила и последипломски студии на Факултетот за јазици, култури и комуникација, исто на Универзитетот на Југоисточна Европа, каде ги положила предвидените испити со просек 8.6 и ја одбранила магистерската теза под наслов „Техниките за поправање на грешките и нивната употреба во јавните училишта – случај за испитување на јавните средни училишта „Нико Нестор“ и „Ибрахим Темо“ во Струга“ и се стекнала со научен степен Магистер по настава по англиски јазик. Нејзиниот интерес е во областа на методологијата на предавање англиски јазик како странски.

**Наставна и стручна дејност**

М-р Ѓомза Даути има повеќегодишно искуство во предавање англиски јазик на сите нивоа. Во 2006 година кратко време работи како професор по англиски јазик во основното училиште „Братство Единство“ во Охрид, а од 2006 до 2014 година се вработува во редовен работен однос како лектор по англиски јазик при Факултетот за странски јазици на Универзитетот ФОН, каде од 2014 година продолжува да биде ангажирана како визитинг професор. Нејзините активности вклучуваа(т) одржување часови и испити по предметите Современ англиски јазик на студентите од матичниот факултет, како и на студентите од нематичните факултети, и предавања, испити и хоспитации од предметот Методика на настава по англиски јазик. Истите ги исполнува

совесно и е вклучена и во административните и промотивни активности на универзитетот.

Покрај практичната дејност, м-р Њомза Даути зема учество и на повеќе конференции во периодот помеѓу 2011 и 2019 кадешто се претставува со реферати од областа на методиката на настава по англиски јазик. Подолу е листата на конференции на кои учествувала: Ноември, 2011: Using Inter – Cultural Communication in Methodology Classes, at SEE University, Октомври 2012: 7th ELTAM - IATEFL-TESOL INTERNATIONAL BIANNUAL CONFERENCE - Continuing Professional Development - Opportunities and challenges, Септември, 2013 – *Applied Linguistics Conference 2013: Practice in Language, Language in Practice.* FON University, Септември, 2019 - "*Multilingualism as a Challenge of a Linguistic, Literary and Cultural Communication*", SEE University.

Покрај учеството во конференции, м-р Даути е активна и како модератор на два семинара за Академско пишување (College writing 2.1 and 2.2), организирани од страна на Американското катче во Струга.

.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изложениот преглед се гледа дека кандидатката, м-р Њомза Даути, целосно ги исполнува условите на конкурсот за избор на лектор/виш лектор по англиаки јазик: завршена соодветна насока при студирањето, постигнат висок просек на досегашните студии, наставно искуство (на соодветно образовно ниво), постдипломски студии на соодветна насока, континуирано професионално усовршување. Имајќи ја предвид нејзината досегашна успешна работа, односот кон студентите и целокупниот ангажман на Универзитетот ФОН заслужува да биде повторно избрана и со задоволство предлагаме да биде избрана во звање ЛЕКТОР по англиски јазик на Факултетот за странски јазици.

Скопје,
23.12.2019

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Ана Лазарова-Никовска, с.р.

2. доц. д-р Искра Стаменкоска, с.р.

3. виш лектор, м-р. Наташа Алексоска, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

***За избор на наставник на Факултетот за дизајн и мултимедија при***

***ФОН универзитет во Скопје***

Наставно-научниот совет на Факултетот за мултимедија и дизајн во состав на ФОН Универзитетот – Скопје, врз основа на распишаниот конкурс за избор на наставник во сите звања од област на **Графика и графички техники-60702** и Друго **(Графички дизајн)-60712**, формира Рецензентска комисија во состав: *ред.проф. д-р Трајче Блажевски (претседател), ред.проф.м-р Димитар Малиданов (член), ред.проф.доц .д-р Катерина Апостолска (член)*

На распишаниот конкурс за избор на наставник од областа **Графика и графички техники-60702 и Друго (Графички дизајн)-60712**, се пријави кандидатот м-р Стефан Јакимовски.

# ИЗВЕШТАЈ

## СТЕФАН ЈАКИМОВСКИ

### *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Основно училиште **(*О.У "Браќа Миладинови*"**)во Куманово и Училиште за применета уметност***(У.П.У "Лазар Личеновски"*** )-Скопје оддел графика.
По завршување на средното образование се запишува на Факултетот за ликовни уметности ***Ф.Л.У-Скопје- Уневерзитет Кирил и Методиј***, на графичкиот (насока графички дизајн) оддел во класата на проф. м-р Димитар Малиданов, кај истиот професор завршува и постдипломски студии во 2008 година на тема ***Мултимедијален пристап во графиката*** (Графичкиот израз и мултимедијалното дизајнирање и проткајување на ликовните медиуми) . Активен член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија-***ДЛУМ***, Друштвото на ликовни уметници на Куманово-***ДЛУК***.Фото кино клуб ***"Козјак***" Извесен период работи како наставник по ликовно образование во ***(ОУ"Крсте Петков Мисирков")*** Работел како помлад уметнички соработник на Факултетот за дизајн и мултимедија, на првиот приватен уневерзитет ***ФОН*** – Скопје од 2008/10.Од 2010/15 работи како доцент на истиот факултет и успешно ги реализира наставните силабусните програми од областа на графика графички техники и графичкиот дизајн.Во 2015 година е во избран во звање **вондреден** професор.

# Рецензија

М-р Стефан Јакимовски по изборот во звањето вондреден професор, го продолжува своето истражување,како во графичкиот дизајн,така и во ликовната проблематика на графиката и цртежот.Во своето истражување ги надополнува и сублимира овие материи. Тој повеќе од дваесет години е присутен на македонската и меѓународна ликовна сцена.

Во периодот од 2015 – 2019 година има остварено неколку самостојни изложби во земјава и странство.Во 2016 година во Уметничка галерија – Куманово, 2016 година во Народни Универзитет во Врање-Србија.Во периодот од 2015-2019 година член е на повеќе домашни и меѓународни жири комисии 2018 ICCA-International creative and innovative approaches exebition of visual arts,учествува на повеќе интернацинални ликовни симпозиуми,ликовни колонии,семинари и работилници.Добитник е на повеќе награди и признанија за својата работа во земјава и странство.

Учесник е на изложби и меѓународни симпозиуми:

2015год .Кумановски ликовни уметници-Куманово-Македонија

2015год .Ликовна колонија-Мултимедијален центар Карпино-Куманово-Македонија

2015год. Меѓународни графички биенале-Ужице-Србија

2015год .Кумановски графичари-Куманово-Св.Николе,Струмица, Кратово- Р.Македонија

2015 год.Ликовна колонија-ЈУ Народни Универзитет-Врање-Србија

2016год .Групна изложба-Корени,порти,портали,патишта и патокази-Риека-Хрватска

2016год .Групна изложба Бели мугри галерија КО-РА-Скопје-Македонија

2016год. Групна изложба-Дворец Тракоскан-Хрватска

Во 2016 год. ја реализира својата самостојна изложба"Мостови'' во Уметничка галерија и Музеј во Куманово-Македонија во која што прави комбинација на традиоционални технички цртежи и графики со современи дигитални печати во кои што ги комбинира визуелна артикулација на ликовни вредности.Редовно учествува на групните изложби Кумановски ликовни уметници и Кумановски графичари каде што неколку пати и го дизајнира визуелниот изглед на промотивните материјали.

2017год Групна изложба-Кумановски ликовни уметници-Уметничка галерија Куманово-Македонија

2017год Меѓународни триенале на графики-Ливно-Босна и Херцеговина

2017год Меѓународна ликовна колонија-Нови Књежевац-Србија

2017год Изложба: "Скици 2017", Куманово-Македонија

2017год Зимската школа "Full Professional Design & Architecture" во соработка со Bertone Design Academy, Atelier de Genval и New Bulgarian University.

2017год Научно-истражувачка посета одеел за дигитален дизајн IT-University of Chopenhagen-Данска

2018год Кумановски графичари-НУ Центар за култура - Куманово,Кратово- Р.Македонија

2018год Групна изложба-Кумановски ликовни уметници-Уметничка галерија Куманово-Македонија

2018год Групна изложба-Живот-изложба мал формат-мултикултурна група на 60 уметници од Македонија во-Малме-Шведска

2018год Конференција-Изложба ICCIA 2018 INTERNATIONAL CREATIVE AND INNOVATIVE APPROACHES EXHIBITION OF VISUAL ARTS

2018год Фабрика на знаење 2018- Тим А САРИТА- Витаминка, Прилеп

2018 Година по покана на Народни Универзитет-Врање реализира меѓународна самостојна изложба.Учествува активно во сите воннаставни активности на Фон Универзитет како што се Проектот Фабрика на знаење,дел е и од проектот зимската школа "Full Professional Design & Architecture" во соработка со Bertone Design Academy, Atelier de Genval и New Bulgarian University.

2019год Меѓународна ликовна колонија-Нови кнежевац-Србија

2019год Меѓународно селкционо триенале на графики-Ливно-Босна и Херцеговина

2019год Групна изложба-мултикултурна група на уметници-Амбасада на РС Македонија-Отава-Канада

2019год Групна изложба-Кумановски ликовни уметници-Уметничка галерија

2019год Групна изложба-мултикултурна група на уметници-Амбасада на РС Македонија-Вашингтон-САД

2019год Меѓународно селикционо графичко биенале-Ужице-Србија

2019год Фабрика на знаење 2019- Тим Б Национална филхармонија

2019год Мал формат-Ј.У Дом на култура "Кочо Рацин-Скопје

2019год Меѓународни графички биенале-Ужице-Србија

2019год Меѓународно триенале на графики-Ливно-Босна и Херцеговина

Карактеристично за неговото творештво е препознатливиот ликовен јазик. Што се однесува до графичкиот дизајн не отстапува од неговата претходна динамика. Од неговиот голем број на реализирани дизајнерски решенија би издвоиле; Промотивен дизајн на „Кумановски ликовни уметници-2015"-Национална установа музеј-Куманово
Коорпоративен дизајн на „Бутик EXIST''
Промотивен дизајн „Кумановски графичари-2015"НУ.Центар за култура„Трајко Прокопиев''
Коорпоративен дизајн 30 години од ШАФ(школа за анимиран филм)Врање-Србија
Коорпоративен дизајн за Општина Куманово
Дизајн на 11 Неоврински награди и дипломи
Дизајн на визуелен идинтитет на јавно претпријатие-Ј.П Куманово план
Коорпоративен дизајн на„Iner weel''
Целосно визуелно графичко обликување на студио на МРТВ

М-р Јакимовски учествува на многу наставно- научни,апликативни и уметнички проекти од кои што е одликуван со многу дипломи,награди и признанија.

***НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:***

Меѓународна награда на интернационален фестивал,Литохото-Р.Грција
Трет интернационален симпозиум на сликарство-Патра-Грција
1st International symposium of paintthing-Diakopto
1st art&science international festival Greece
43.Likovni susreti-umetnicka grafika I savremeni mediji
Memento Achaia Clauss
Член на жири комисија на национален ликовен кункурс(средни училишта во Р.М)
Меморијален центар на холокаустот на евреите во Македонија
Член на жири комисија за ликовен конкурс-Музеј на Холокауст
XV Меѓународна хуманитарна ликовна колонија-Живот је уметност-1во место награда од стручно жири-МС куќа Нови Кнежевац-Србија
Член на жири комисија- ICCIA 2018 INTERNATIONAL CREATIVE AND INNOVATIVE APPROACHES EXHIBITION OF VISUAL ARTS

## Педагошката дејност и други активности

Ангажманот на м-р. Јакимовски се одликува со ангажиран и инвентивен пристап потенцирајќи ја индивидуална работа на секој студент.Тој е учесник во создавањето на силабусната програма на Факултетот за дизајн и мултимедија а воедно и ги предава предметите од обласа на графиката,графичките техники и графичкиот дизајн. Наставата и наставните активности ги реализира успешно и со голема посветеност.Самиот процес се изведува во високо софистицирана компјутерска лабораторија на ФОН –Универзитетот по предметите од прв (додипломски) и втор(постдипломски) циклус на студии: Графички Техники, Компјутерски Алатки,Дизајн на Леј Оут, Графички дизајн 3,Графички дизајн 4,Екпериментална Типографија,Графички дизајн напредно ниво... Тука треба да се нагласи соработката на Факултетот за дизајн и мултимедија со повеќе компании преку кои студентите стекнуваат знаење и вештини од обласа на графичкиот дизајн.Преку процесот на решавање на тие задачи,студентите ги имплементираат практично веќе стекнатите знаења.

До сега проф м-р. Јакимовски активно учествувал во сите наставни и вон-наставни активности на Факултетот за дизајн и мултимедија и со успешно менторство освоил повеќе награди и признанија.

Неговото учество во наставниот процес по овие предмети и учество во креативни кампањи претставува оспособување на студентите по завршување на студиите полесно да се вклопат во креативнот сектор и нивното уметничко изразување во општеството. Со овој начин на педагошки пристап , студентите се оспособуваат своите теориско-практични знаења реално да ги имплементираат и презентираат пред компаниите. Со својата активност и своите меѓународни контакти допринесува во збогатување на апликативната програма и стручното знаење на студентите од неговиот факултет за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитет. Проф.м-р. Стефан Јакимовски бил и е дел во повеќе комисии во склоп на програмата на факултетот. Тој бил претседател на комисијата за доделување на стипендии за прв и втор циклус на студии на отсекот за графички дизајн,претседател на комисија за самоевалуавија на ФДМ. Воедно бил и ментор и член на комисија за повеќе дипломски работи и магистерски тези. Посочените примери говорат за неговиот професионален ангажман и посветеност од обласа на графичкиот дизајн но и пошироко во истражување на дигиталното и ликовното и поврзување на истите. Исполнителност и споделување на своето знаење со студентите кон нивно професионално насочување. Инвентивност и иновантивност во наставно – научниот процес и креативен начин на размислување се дел од начините и методите кои професорот Јакимовски ги имплементира во својот начин на комуникација и соработка со студентите. Проф м-р. Стефан Јакимовски со својот севкупен ангажман допринесува кон популаризација и заложба на поквалитетна настава од обласа на графичкиот дизајн и визуелните комуникации воопшто.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност во областа на графиката,графичките техники и графичкиот дизајн, може да се заклучи дека кандидатот м-р Стефан Јакимовски во својот развоен пат и професионалната кариера има реализирано голем број на самостојни и групни изложби кои се презентирани во повеќе светски центри.Од приложениот материјал евидентно е дека станува збор за комплетно ликовно изградена личност во областа на графиката и графичкиот дизајн и ликовната уметност.Големиот број на изработени и реализирани проектни активности од областа на графичкиот дизајн сочинуваат една целина во дизајнерско-истражувачката активност на кандидатот. Рецензентската комисија оценува дека м-р Стефан Јакимовски ги исполнува сите услови да биде избран во наставно звање **Редовен професор.**

Согласно напред изнесеното, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за мултимедија и дизајн да го избере **м-р Стефан Јакимовски** за наставник од областа на **Графика и графички техники-60702 и Друго (Графички дизајн)-60712**, во звање **Редовен професор**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

Ред. проф. Трајче Блажевски, с.р. (претседател)

______________________________________

Ред. проф. Димитар Малиданов, с.р. (член)

______________________________________

Ред. проф. Катерина Апостолска, с.р. (член)

______________________________________